НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК



Фото: Дарко Андоновски

# Амамите биле најавангардните места во минатото на Балканот

*Дневен весник (Ед. бр. 24115)*

**ЛИК**

09.08.2017 14:20

310



Ирина Поповска
irina.p@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**За време на Отоманската Империја владеел диктаторски режим, а сепак во амамите сѐ било полиберално. Под ист покрив се собирале припадници на различни религии, па така, муслимани, христијани и Евреи можеле да се забележат како седат заедно. Ова место ме предизвикува бидејќи е авангардно и уште во минатото ја навестувало иднината, вели познатиот уметник Хелидон Ѓерѓи, чија изложба со наслов „(Х)ам(х)ам“ може да се погледне во „Чифте-амам“**

Современиот албански уметник Хелидон Ѓерѓи неодамна гостуваше во Скопје и пред македонските љубители на уметноста се претстави со уникатна и необична инсталација. Во светот на уметноста Ѓерѓи има оставено длабок печат, неколкупати учествувал на престижното Венециско биенале, презентирал свои дела на Манифеста, Тиранското биенале и на голем број меѓународно признаени ликовни манифестации. Во „Чифте-амам“ е отворена изложбата на која го презентира својот специфичен проект, комбинација од визуелна, звучна и мирисна инсталација.

Станува збор за изложбата насловена „(Х)ам(х)ам“ - терминот се однесува на самото место со аналогија делумно на историјата и традицијата на многу прекрасни амами од регионов, кои биле места за социјализација на сите етнички заедници што живееле во дадени држави, и важеле за едни од најслободоумните локации во секоја дадена култура. Секој внимателно одбран медиум е користен во секојдневниот живот, но уметникот го претставува во сосема ново светло. Проектот се состои од три дела, некои создадени конкретно за физичкиот простор на „Чифте-амам“, а некои се поинаква просторна реинтерпретација на досегашни инсталации и објекти. Изложбата е отворена до 24 август.

Хелидон Ѓерѓи (Тирана, 1970 г.) е современ уметник што се занимава со различни медиуми. Студирал на Академијата за уметности во Тирана. Со отворањето на границите на Албанија во 1991 година се преселил во Италија, каде што ги проучувал визуелните уметности и стекнал диплома од Академијата за ликовни уметности во Неапол. Во 1997 година се преселил во Чикаго, каде што се усовршил во теорија и практика на уметноста на Универзитетот во Чикаго. Во моментов живее во Њујорк и предава теорија на уметност на колеџот „Сани Олд Вестбри“.

Во текот на својата кариера Хелидон работел во различни медиуми, од сликање, скулптура, фотографија, видеоуметност, до инсталација, па и до архитектура. Меѓутоа, преку различните медиуми, Хелидон во своите дела постојано ги испитува порозноста и кревкоста на границите меѓу медиумите, себеси и параметрите на индивидуалното влијание. Неговите првоизложени дела го тематизираат нарцисоизмот на нашето претерано користење на медиумите, фантасмагорички поставувајќи ги телевизорите и нивните гледачи во рамките на огледалните средини и провокативно повикувајќи го гледачот да направи пулсирачки акциски слики преку разиграната телекоманда на програмирање како треперлив превез на платно.

**Дали е ова ваше прво гостување во Македонија и што знаете за оваа земја?**
- Ова е вторпат како сум во Македонија, првпат бев минатата година кога ја договаравме изложбата. Се сретнавме со директорката на Националната галерија на Македонија, Дита Старова-Ќерими, и со кураторката Ана Франговска. Тогаш избиравме во кој од објектите на Националната галерија ќе се изложува, ги посетив двата амама и „Мала станица“. Во текот на првото гостување се запознав со дел од историјата на земјата, а исто така го видов и центарот на градот, па добив некаква претстава и за архитектурата во поновото време.

**Изложбата ја насловивте „(Х)ам(х)ам“ во корелација со локацијата на која е поставена. Дали амамот има некое конкретно значење за вас?**
- Амамите се многу интересни места со долга историја, над две илјади години. Амамот може да се нарече институција и постои во многу култури. Во овие места можело да се забележи интеракција меѓу различни типови луѓе. Конкретно „Чифте-амам“ постои од времето на Отоманската Империја што опстојала 500 години. За време на империјата владеел диктаторски режим, а сепак во амамите сè било полиберално и повеќе се толерирало. Под ист покрив се собирале припадници на различни религии, па така, муслимани, христијани и Евреи можеле да се забележат како седат заедно. Исто така само во амамите жените имале право да се шетаат слободно, некои од нив и се разголувале, што било крајно прогресивно за тоа време. Ова место ме предизвикува бидејќи е авангардно и уште оттогаш ја навестувало иднината. Со изложбата пробувам да ги претставам разликите и еднаквостите меѓу културите на Балканот, бидејќи тука сè уште живеат голем број малцинства.

**Во „(Х)ам(х)ам“ создавате неверојатни комбинации на различни медиуми, ги спојувате сликите со светлината, огледалата со мирисот, како и пареата и музиката. Кои чувства очекувате да ги поттикнете кај посетителите?**
- За моите изложби ги користам сите можни медиуми што се присутни во секојдневниот живот. Секој од нас користи огледало, зачините ги користиме најмалку трипати на ден, со пареата се среќаваме во бањата, а на цртежите се претставени емоциски знаци (емоџи) со временска прогноза, а нормално не поминува ден без да се информираме дали ќе биде врнежливо или сончево итн. Она што сакам да го постигнам е да ги извадам од секојдневниот контекст сите овие медиуми и луѓето да почнат да ги гледаат со други очи и да почнат да се запрашуваат за нивното значење.

**Како се одвиваше соработката со албанскиот музичар Фатос Ќеремај, со кого заедно ја поставувате третата просторија во „Чифте-амам“?**
- Фатос Ќеремај е професор на Универзитетот за уметности, тој е инструменталист и композитор. Компонира претежно во традиционален стил, но знае да изненади и со експериментален стил. Со него целевме кон компонирање музика од повеќе рингтонови во една, а за тоа се разбира ги искористиме звуците од телефоните. Во овој проект негови инструменти беа телефоните. За таа цел мора да се насочи умот во сосема поинаков правец и да се размислува како никогаш претходно.

**Кога Албанија ги отвори границите отидовте на студии во Италија. Кажете ни нешто повеќе за тогашната ситуација во вашата земја и зошто заминавте?**
- Ја напуштив Албанија веднаш по падот на режимот. Непосредно пред да се отворат границите бев трета година на факултет и бев дел од студентското движење против режимот. Се разбира ја прифатив новонастанатата можност да ги продолжам студиите во Италија, на истата насока. Како млада личност што долго била затворена во диктаторско општество, во Италија се чувствував дури и премногу слободно. Се разбира тоа беше одлична можност да искусам нешто ново. Доживеав мал културен шок и се движев во насоката што сметав дека најмногу ми лежи во уметноста. И во историјата на уметноста се сретнав со нови моменти бидејќи во Албанија учевме во идеалистичка рамка. Ми беше огромно задоволство да студирам во земја каде што се наоѓа голем дел од светското културно наследство.

**Живеете во Њујорк. Што се случува на тамошната ликовна сцена?**
- Њујорк претставува еден вид микрокосмос. Градот се смета за еден од главните центри во светот на современата уметност. Ликовната сцена е постојано активна, може да се посетат многу изложби и да се видат дела од старите мајстори до уметници што допрва се прославуваат. Познатата балканска уметница, Марина Абрахамовиќ, вели дека Њујорк личи на вулкан што испушта енергија и моќ. Но постојат и негативни енергии, па понекогаш е потребно малку да се оддалечиме од тој свет. Затоа во текот на годината, три месеци поминувам во Европа, патувам, посетувам изложби и запознавам нови култури.

**Дали следите што се случува во уметноста во Албанија? Каде е денес во однос на времињата кога ја напуштивте земјата?**
- Не само што ја следам уметноста во Албанија, туку и учествувам во неа. Мошне сум активен со оглед на тоа дека живеам на друг континент. Морам да напоменам дека сè е променето од 1991 година кога ја напуштив државата. Се движиме во правилна насока, но можеби е потребно да го следиме моделот на Америка. Таму границите се отворени меѓу државите, па има слободно движење во секој поглед, меѓу другото и во културата. Во Европа сето тоа се одвива посрамежливо. И на Балканот се забележува драстичен чекор напред и во

културата, и во демократијата, и во социјалниот живот, но прогресот не смее да престане тука.

**Сте учествувале на престижното Венециско биенале. Дали сметате дека манифестацијата е една од најважните на уметничката сцена и раскажете ни нешто повеќе за ова искуство?**
- Ја имав таа среќа да ги претставам моите дела на Венециското биенале во албанскиот павилјон во 2007 година, заедно со уште двајца албански уметници. Ова за мене беше уникатно искуство и предизвика неопислива возбуда бидејќи се претставувате пред целиот уметнички свет. Исто така куратор на поставката беше Американец, па беше интересно да се претстави една земја преку очите на куратор од друга земја. Нашиот павилјон беше меѓу финалистите за главната награда, „златниот лав“, и тоа беше навистина неочекувано.

Всушност изгубивме за само еден поен, но не е важно бидејќи она што е важно е учеството на овој престижен настан. Во 2010 година повторно учествував на Биеналето, но за архитектура. Јас сум пред сѐ визуелен уметник, но многу се интересирам и за урбаниот развој.

